**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ**
02.Су.бр.71/2018
13.07.2018 година
Скопје

Врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 35/2008, 150/10 и 83/18), како и врз основа на член 112 и член 113 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ број 66/13 и 114/14), по претходно прибавено мислење од седницата на судиите одржана на ден 12.07.2018 година, Претседателот на Основниот суд Скопје II - Скопје, на ден 13.07.2018 година, донесе:

# ГОДИШЕН РАСПОРЕД ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА СУДОТ ЗА 2018 ГОДИНА

**I.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/2017 од 22.12.2017 година, 02.Су.бр.1/2018 од 02.01.2018 година, 02 Су.бр.13/2018 од 30.01.2018 година и 02.Су.бр.45/2018 од 26.03.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, поддел I.Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, во точка 1, по алинеја 13 се додава нова алинеја 14 која гласи:

„- Марија Скалова (XIV);“

Алинеите 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36 стануваат алинеи 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37.

**II.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/2017 од 22.12.2017 година, 02.Су.бр.1/2018 од 02.01.2018 година, 02 Су.бр.13/2018 од 30.01.2018 година и 02.Су.бр.45/2018 од 26.03.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, поддел I.Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, во точка 1, алинејата 27, сега алинеја 28 која гласи: „-Магдалена Бајалска Ѓорѓиевска (XXXIII)“ се менува и гласи:

„- Благица Ѓошевска (XXXIII)“.

**III.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/2017 од 22.12.2017 година, 02.Су.бр.1/2018 од 02.01.2018 година, 02 Су.бр.13/2018 од 30.01.2018 година и 02.Су.бр.45/2018 од 26.03.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, поддел I.Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, во точка 2, по името Дијана Нацевска, се додава името „Марија Скалова“, а името „Магдалена Бајалска Ѓорѓиевска“, се менува со името „Благица Ѓошевска„.

**IV.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/2017 од 22.12.2017 година, 02.Су.бр.1/2018 од 02.01.2018 година, 02 Су.бр.13/2018 од 30.01.2018 година и 02.Су.бр.45/2018 од 26.03.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, поддел III.Оддел за работни спорови, во точка 1, по алинеја 7, се додаваат две нови алинеи 8 и 9 кои гласат:

„- Магдалена Бајалска Ѓорѓиевска (VIII) и
- Љупчо Спировски (IX);“

**V.** Овој распоред ќе започне да се применува сметано од 01.08.2018 година.

**Претседател**
**на Основниот суд Скопје II - Скопје,**
**Илир Сулејмани, с.р.**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- претседател на Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, судија Бесник Авдија,
- судија Марија Скалова,
- судија Благица Ѓошевска,
- судија Магдалена Бајалска Ѓорѓиевска,
- судија Љупчо Спировски,
- претседател на Оддел за работни спорови, судија Хилда Мешкова,
- советник - информатичар, Георги Мишовски,
- раководител на Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, Елена Лукарева,
- раководител на Оддел за работни спорови, Драган Томиќ,
- одговорен службеник во граѓанска писарница, Жаклина Китановска,
- одговорен службеник во писарница за работни односи, Удија Асани.